## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

### ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
### ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Јавно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонско радио - Прв програмски сервис;

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 26. 11. 2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6001 | 1 | |


3. **Период опфатен со надзорот**: од 11 до 20 ноември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 26 ноември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
- **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
- **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Вкупното време новинарски прилози, што се однесуваат на внатрешно-политички и на актуелни општествени теми, методолошки изделени како релевантни за анализа, во десетдневниот период од 11 до 20 ноември изнесува – 3 часа 9 минути и 4 секунди.

Примарна новинарска тема во неколкудневен континуитет беше завршната работа за организацијата на изборниот процес, проследена преку извештаи, изјави на државната администрација и на политичари, но и преку официјални соопштенија на министерства, на државни органи и на политички партии. Приоритет ѝ се

даде на работата на Државната изборна комисија: увидот во избирачкиот список, лоцирање места и пунктови за гласање на дијаспората, како и проверката и верификацијата на документите за потврда или одбивање на партиските листи со кандидатите за пратеници. Следствено на роковите од Изборниот законик, проследени беа и реакциите на партиите и на новоформираните коалиции, со посебен осврт врз ставовите на СДПМ (Бранко Јаневски) и на НДМ (Јанко Бачев), чии листи беа отфрлени поради невалидност на одредена документација. Предвид беше земен и официјалниот став на Министерството за внатрешни работи во врска со неговите ингеренции за обезбедување непречено одвивање на изборниот процес.

Од делокругот партиски и коалициски активности, зачестени беа новинарските извештаи за составот на потврдените кандидатски листи и нивниот распоред по изборни единици, а во статистиката за ова медиумско време влегоа: Коалицијата - „За подобра Македонија", предводена од ВМРО ДПМНЕ; Коалицијата на СДСМ, Коалицијата за промени и правда, Коалицијата на Беса, како и поединечните партиски активности на: ДУИ, ДПА, Либералната партија, ПДП, СДПМ, и Левица.

Од вкупно 3 часа информации методолошки селектирани за анализа во десетдневниот период на мониторингот, за подготвителните предизборни активности на коалициите и на партиите се отстапени околу 27 минути, а речиси половина од тој квантум е минутажа за активностите на ВМРО ДПМНЕ – 13 минути и 44 секунди, пред сè поради три обемни извештаи - од формирањето на Коалицијата за подобра Македонија (2:38), и од меѓународните средби на челниците на оваа партија со германски (2:30) и со унгарски политичари (2:53).

Од редовните активности на Владата и на органите на државната управа, за издвојување се прилозите што одат во прилог на официјален државен коментар/реакција за Извештајот на ЕК за Република Македонија, а конкретно, застапени се ставовите на: Арбр Адеми, заменик-претседателот на Владата задолжен за европски прашања, Никола Поповски, министерот за надворешни работи, но по оваа тема предвид беа земени и експертските гледишта на: Бојан Маричиќ, директорот на Македонскиот центар за европско образование, и Фани Каранфилова – Пановска, извршната директорка на Фондацијата - Отворено општество. Во овој контекст се емитувани и извадоци од интервјуто со Џемали Саити, судија во Врховниот суд и претседател на македонското Здружение на судиите, дадено за претпладневната програма „Радио спектар". Информативно внимание е посветено и за обуката што ја спроведува Академијата за судии и јавни обвинители, во рамките на ЕУ-твининг проектот „Зајакнување на спроведувањето на правата од интелектуалната сопственост", но, за активностите на Академијата е известено и преку прилогот за регионалната конференција под наслов - „Намаленото користење Интернет за терористички цели", сработена во соработка со Одделот на ОБСЕ за транснационални закани. Контекстуално со билатералните односи Македонија/Грција, низ неколку прилога беше проследена работната посета на доскорешниот американски претседател Барак Обама на официјална Грција, од која се посочени поенти од гледиштата на грчкиот претседател Прокопис Павлопулос и на премиерот Алексис Ципрас, додека за македонската страна се потенцирани ставовите на министерот Попоски, изнесени во интервју за австрискиот дневен весник „Die Presse". Дел од активностите на министерот Попоски се проследени и преку прилогот за неговото учество на Меѓународната конференција за миграции, одржана во Виена. Од тековните активности на другите министерства, можат да се издвојат извештаите за присуството на министерката за култура Канческа-Милевска на одбележувањето на 70-годишнината од Народниот театар во Битола, како и учеството на Министерството за внатрешни работи на конференцијата организирана од Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот.

На 18 ноември, приоритетно место во Пладневниот радио весник му се даде на извештајот од прес-конференцијата на Специјалното јавно обвинителство за покренувањето на предистражната постапка со кодно име „Таргет", против 10 лица од Управата за безбедност и контраразузнавање. Веднаш по овој прилог, во директна содржинска поврзаност, емитуван е и извештај од прес-конференција на ВМРО ДПМНЕ.

***Табела 1 - Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| Македонско радио 1 | | |
|---|---|---|
| **Политички субјект** | **Траење** | **Процент** |
| ДИК и други органи | 00:17:31 | 9,26 % |
| Влада на РМ | 00:25:17 | 13,38 % |
| Граѓански сектор | 00:22:26 | 11,87 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:13:44 | 7,26 % |
| СДСМ | 00:05:32 | 2,93 % |
| Други субјекти | 00:33:57 | 17,96 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:23:43 | 12,55 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:43 | 0,91 % |
| Либерална партија | 00:00:13 | 0,12 % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:00:13 | 0,12 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:55 | 0,49 % |
| СДПМ - Социјалдемократска партија на Македонија | 00:03:24 | 1,80 % |
| Левица | 00:00:13 | 0,12 % |
| Коалиција за промени и правда | 00:00:13 | 0,12 % |
| Беса | 00:00:18 | 0,16 % |
| НДП - Национална демократска преродба | 00:00:18 | 0,16 % |
| Судство | 00:04:46 | 2,52 % |
| Експерти/аналитичари | 00:00:50 | 0,44 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:16:02 | 8,48 % |
| Локална самоуправа | 00:04:47 | 2,53 % |
| Шарена револуција | 00:00:10 | 0,08 % |
| Претседател на РМ | 00:02:05 | 1,10 % |
| Народно движење за Македонија | 00:02:04 | 1,10 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:02:26 | 1,29 % |
| Специјално обвинителство | 00:03:50 | 2,03 % |
| Без субјекти | 00:02:20 | 1,24 % |
| | **Вкупно: 03:09:04** | **100 %** |

Низ неколку прилога во Пладневниот радио весник се прикажани интерните институционални несогласувања во спроведувањето на тековните политики на одредени министерства: прес-конференцијата на Александар Кирацовски, дополнителниот заменик-министер за информатичко општество и администрација, во врска со резултатите од акцијата „Пријави притисок за фер избори"; работните активности на Оливер Андонов, дополнителниот заменик-министер за внатрешни работи, наспроти официјалните ставови и активности на МВР; најавата на Диме Спасов, дополнителниот заменик-министер за труд и социјална политика, дека ќе се зголемат пензиите за 5%, и реакцијата на Министерството за труд и социјална политика дека таа придобивка не треба да се прикажува како (цитат) - „партиски подарок".

Меѓу прилозите чија содржина произлегува од активностите на претставници на меѓународната заедница или од дипломатски активности на официјални македонски политички инстанци, за издвојување се: работниот состанок меѓу претставници од Министерството за локална самоуправа, Заедницата на единиците на локална самоуправа и на Комитетот за региони на ЕУ; северноамериканската дипломатска турнеја на Зоран Јолевски, министерот за одбрана, за промоцијата на безбедносните капацитети на Република Македонија како глобален партнер во справувањето со бегалската криза.

Голем обем информации во Пладневниот радио весник се однесува на граѓански иницијативи, било организирани било спонтано поттикнати од тековни владини одлуки, или поставени како актуелни прашања произлезени од различни аспекти на македонското секојдневие. Меѓу позначајните, и според минутажата и според актуелноста, се вбројуваат: Завршната конференција за проектот „Влијанието на евроатлантските интеграции врз меѓуетничките односи", од која се прикажани ставовите на Исмет Рамадани, претседателот на НВО „Евроатлански совет", потоа на Трифун Костовски, како претставник на бизнис заедницата, и на Арбр Адеми, вицепремиерот за евроинтеграции; прилог за протестите на вработените во привремено затворениот комбинат „Југохром"; работата на МАНУ – дебата за генетската терапија, и Националната конференција одржана по повод „16 Ноември, Денот на толеранцијата", во чија организација е вклучена и ОБСЕ. Првата програма на Македонското радио известуваше и за пригодните настани од одбележувањето на „13 Ноември – Денот на ослободувањето на Скопје" и за „Денот на примирјето од Првата светска војна", во кои се вклучија амбасадите на Република Франција и на Република Германија, локалната самоуправа и претставници на градскиот одбор од Сојузот на борците од НОБ. Медиумски простор добија и Осмиот марш на толеранцијата организиран од Хелсиншкиот комитет на Република Македонија, под мотото - „Омразата е слабост"; апелот на „БУВ", здружението за заштита и едукација на дијабетичарите, поврзан со одбележувањето на Светскиот ден за борба против дијабетесот; стручниот форум на тема - „Сеизмичката отпорност на градбите"; повикот на Арбитражниот суд до стопанските субјекти да ја искористат можноста за арбитражно решавање стопански спорови; дводневната конференција на Мајкрософт во Скопје.

Во статистичката ставка – „други субјекти", голем обем информации, обработени главно низ вести и извештаи, се однесуваат на прилози за тековните состојби од македонската економија, при што се земени предвид ставови на бројни претставници од бизнис заедницата, од граѓанските организирани активности, и од академската заедница прашана за стручно толкување на домашните економски процеси. За приказ на широкиот опфат содржини од оваа општествена област, доволно е да се издвојат прилозите со времетраење од 2 и повеќе минути: Високообразовна економска конференција, под наслов - „Што научивме од македонската економија, како понатаму?", организирана од магазинот „Бизнис и економија"; „Вкусот на Македонија" - саем за традиционална и органска храна од македонско поднебје и македонска кулинарска традиција; потпишувањето колективен договор меѓу „Еурокомпозит" и Синдикатот за индустрија, енергетика и рударство; конференција на тема - „Женско лидерство - личен развој и етика", во рамките на Европската недела на претприемништво на малите и на средните претпријатија; економски анализи за стабилноста на македонскиот пазар на недвижности; сезонскиот, државен откуп на тутун; медицинските истражувања и заклучоци во врска со предвременото породување и осврт кон јавно-здравствените активности и политики; конференција по повод „Светскиот ден на жените – претприемачи"; опширен, збирен прилог-извештај за медицинска статистика произлезена од анализи за квалитетот на животот во Прилеп; барањето на канцеларијата на Народниот правобранител - Министерството за образование да направи измени на Законот за средно образование; јавната дебата за предлог-концепција за реформа на средното техничко образование, со учество на Спиро Ристовски, заменик-министерот за образование, Весна Хорватовиќ, директорката на Бирото за развој на образованието, и Ајше Селмани, директорка на Центарот за стручно образование.

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| Македонско радио 1 | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| ДИК и други органи | 00:05:37 | 8,96 | % |
| Влада на РМ | 00:07:21 | 11,73 | % |
| Граѓански сектор | 00:07:34 | 12,07 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:05:02 | 8,03 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| СДСМ | 00:02:00 | 3,19 | % |
| Други субјекти | 00:12:59 | 20,71 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:05:43 | 9,12 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:39 | 1,04 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:00:25 | 0,66 | % |
| Левица | 00:00:38 | 1,01 | % |
| Беса | 00:00:24 | 0,64 | % |
| Судство | 00:02:30 | 3,99 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:00:49 | 1,30 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:05:52 | 9,36 | % |
| Локална самоуправа | 00:03:13 | 5,13 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:10 | 0,27 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:00:27 | 0,72 | % |
| Специјално обвинителство | 00:01:18 | 2,07 | % |
| | **Вкупно: 01:02:41** | **100** | **%** |

***Посебни информативни емисии***

*Интервју*

На 12 ноември, од 10 часот во утринската актуелно-информативна емисија „Радио спектар", емитувано е интервју со Џемали Саити, претседател на Здружението на судиите од Република Македонија. Теми беа: Извештајот на ЕК, со посебен осврт за наодите и за препораките во однос на судската власт, релациите меѓу Специјалното јавно обвинителство и другите судски инстанци, заштитата на човековите права и слободи, социо-економските и работните услови за судската администрација, и несогласувањата меѓу претставници на Судскиот совет, Основниот суд Скопје 1 и претседателот на Кривичниот суд.